Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,септември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 04. 09. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numer | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 08 | 4279/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Пратеници:

Антонијо Милошоски

Благица Ласовска

Ели Јанкова

Дафина Стојаноска

Бојан Стојаноски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14, 53/16 и 11/18) уредено е дека Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка.

Целта за формирањето на посебна Државна комисија која ќе решава во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, од една страна била да се гарантира правото на жалба на граѓаните против наведените одлуки, а од друга страна да се овозможи поголема ефикасност, економичност и стручност на решавањето на овие предмети.

Од 1 јануари 2021 година Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка согласно членот 131 став (1) од Законот за прекршоците (“Службен весник на Република Северна Македонија ” број 96/19) не е надлежна да постапува по жалбите против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган.
За овие предмети согласно закон пропишано е во прекршочна постапка, да одлучува да одлучува Управниот суд, со што обемот на работа на оваа комисија значително е намален и истата е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка.

Согласно податоците од Годишните извештаи за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка споредбено бројот на предметите од 2020 значително е намален , со што како податок од извештаите наведено е дека за 2020 година вкупниот број на примени предмети бил 2422, додека за 2023 година вкупниот број на примени предмети бил 665. Ова јасно укажува дека оваа комисија има незначителен број на предмети по која треба да постапува со што се создава законски основ за нејзино престанување односно сопојување со Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос во втор степен.

Комисијата е составена од претседател и шест члена кои се именувани фукнционери од страна на Собранието.

Исто така предложените законски измени се во согласност со Програмата на Владата (2024-2028) во делот III- Владеење на правото во институциите-реформи во политичкиот систем каде е предвидено зголемување на ефикасноста во работењето и оптимизација на бројот на институции преку намалување на нивниот

број, а со тоа и намалување на бројот на избрани и именувани лица што ќе има позитивни финансиски импликации во Буџетот.

Имено вкупниот број на избрани функционери во двете комисии сега изнесува 17, додека со предложените законски измени се предлага Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен да брои 13 именувани функционери.

Имајќи го предвид горенаведеното, согласно начелото на економичност и ефикасност, со предложениот закон престанува да постои Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и нејзините надлжености се пренесуваат на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со што се централизира второстепената управна постапка во еден орган.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е поедноставување на системот на одлучување по жалби, преку намалување на институциите кои одлучуваат по жалба, со поедноставена административна постапка, до унапредување на организацијата на работата на Комисијата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка не предизвикува фискални импликации врз Републичкиот Буџет.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Републичкиот Буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14, 53/16 и 11/18).

Член 2

Надлежностите на комисијата утврдени со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија” број130/14, 53/16 и 11/18 ) се пренесуваат на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Член 3

Опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се пренесуваат на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Член 4

Вработените кои до денот на влегување во сила на овој закон имаат засновано работен однос во Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ги презема Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, најдоцна до именувањето на претседател и членови на Државната комисија, согласно со актите за внатрешна организација и систематизација.

Член 5

Со денот на именувањето на претседателот и на членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен им престанува мандатот на претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка именувани согласно Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија” број 130/14, 53/16 и 11/18 ).

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка содржи 6 члена.

Со членот 1 престанува даважи Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/14, 53/16 и 11/18).

Во членовите 2, 3, 4 и 5 се уредуваат прашањата за пренесување на надлежностите на постојната Државна комисија, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на Државната комисија, вработените и престанокот на мандатот на претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка именувани согласно Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Членот 6 уредува влегување во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија престанува да постои Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и нејзините надлжености се пренесуваат на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со што се централизира второстепената управна постапка во еден орган.